**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ОПШТЕСТВО

# за III одделение

**Скопје, 2022 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Општество** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | **задолжителен** |
| **Одделение** | **III (трето)** |
| **Теми** | • **УЧАМ, УЧЕСТВУВАМ, УСПЕВАМ**<br>• **СЕ ГРИЖАМ ЗА СЕБЕ И МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ**<br>• **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, проектор, интернет конекција;<br>• Фотографии, илустрации, списанија, весници, книги, учебник и сл. за поддршка на содржините/активностите поврзани со темите;<br>• Географска карта на РСМ;<br>• Играчки за поддршка на содржините/активностите (автомобили, брод, авион, хеликоптер, воз и сл.); |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>• професор по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Општество и демократска култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничкаприпадност, возраст, способности, социјаленстатус, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипии предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.10 | да се заштити себе си и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди, |
| VI-А.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот, |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човекови права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничкаприпадност, возраст, способности, социјален статус, итн.), |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите што го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите, |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
**Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво** и **Уметничко изразување и култура.**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | дапроценикога и накојначинзарешавањенанекојазадача/проблем е потребно и ефективнокористењена ИКТ |

| | |
|---|---|
| IV-A.5 | даопределикаквиинформацииму/и сепотребни, данајде, избере и преземедигиталниподатоци, информации и содржини |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци, |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка), |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјални притисоци, |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

| | |
|---|---|
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот, |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти. |
| | *Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќадека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - гоолеснуваучењето, животот и работата, придонесувазапроширувањенакомуникацијата, закреативност и иновативност, нудиразнимножностизазабава,l |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди, |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје, |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени, |
| V-Б.7 | иницијативноста,упорноста, истрајноста и одговорностасеважнизаспроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвицитевосекојдневитеситуации |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: УЧАМ, УЧЕСТВУВАМ, УСПЕВАМ<br>Вкупно часови: 16</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. објасни како државата обезбедува почитување на правото на образвание, кои се придобивките од образованието и како се стекнува професија преку образованието;<br>2. обасни како треба да се учи за да се постигне успех во учењето;<br>3. ги предвидува последиците од своите постапки и да ги признава грешките во однесувањето кон другите;<br>4. опише како се решаваат проблеми во група и како се донесуваат групни одлуки.<br>Ученикот/ученичката ќе развива свест:<br>5. за потребата од доживотно учење;<br>6. дека успехот и неуспехот во учењето зависат од сопствените залагања.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>• Имам право на образование<br>(образование, училиште, наставник, учебник, основно, средно и високо образование, основно училиште, средно училиште, факултет, студент, професија)</td><td>• Го идентификува образованието како детско право и објаснува (преку пример) како државата обезбедува негово почитување.<br>• Објаснува (преку примери) најмалку две придобивки од образованието.<br>• Прави разлика меѓу основно, средно и високо образование според намената и возраста на учениците/студентите.<br>• Објаснува (со пример) како образованието подготвува за одредена професија.</td></tr>
<tr><td>• Имам одговорност да учам<br>(поставување цел, посветеност, фокусираност, успех, неуспех)</td><td>• Преку пример опишува како се поставува цел во учењето и објаснува зошто е важно да се прави тоа.<br>• Објаснува (преку пример) зошто е важно да се биде посветен кон постигнување на целта во учењето.<br>• Преку пример опишува како се обезбедува фокусирање на учењето и објаснува зошто е важно да се прави тоа.<br>• Преку пример опишува како се бара помош кога нешто не може самостојно да се научи и зошто барањето помош е потребно.<br>• Ги наведува и опишува чувствата што се јавуваат при доживување успех и при доживување неуспех.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Објаснува (преку пример) како се учи од доживеаниот неуспех. |
| • Признавам грешки во однесувањето кон другите (однесување, постапка, последица, намерна и ненамерна грешка) | • Дава пример на однесување кое има негативни последици врз другите.<br>• Прави разлика меѓу намерна и ненамерна грешка во постапките кон другите.<br>• Објаснува (преку примери) како незнаењето и невниманието може да доведат до ненамерни грешки во постапките кон другите.<br>• Објаснува зошто грешките во однесувањето кон другите треба да се признаат наместо да се игнорираат или негираат. |
| • Учествувам во донесување групни одлуки (проблем, решавање проблем, бура на идеи, одлука, групна одлука, мнозинство, консензус) | • Ги наведува правилата што важат при групно решавање проблем и објаснува зошто треба да се почитуваат.<br>• Го опишува (преку пример) процесот на донесување групна одлука преку бура на идеи.<br>• Ги наведува и објаснува (преку пример) правилата што важат при донесување групни одлуки.<br>• Прави разлика меѓу одлука донесена со мнозинство и одлука донесена со консензус. |

**Примери на активности:**

- Наставникот ја запишува на табла реченицата: „Секое дете има право на образование“ и објаснува дека државата е должна да обезбеди тоа право да се почитува така што ќе создаде услови за образование на секое дете. Потоа учениците, поделени во групи, добиваат работен лист на кој се напишани зборовите: училиште, наставник и учебник и под секој збор, во рамки на групата, треба да запишат како е образованието поврзано со секој од трите збора. Откако секоја група ќе ги презентира одговорите за секој збор посебно, се води дискусија за тоа како државата придонесува да има училишта, наставници и учебници. Заеднички се заклучува дека училиштата ги гради државата, дека наставниците ги вработила државата за да работат со децата во училиште и ги печати учебниците од кои учат учениците.
- Наставникот ги презентира (една по друга) следните реченици: (1) Преку образованието се станува попаметен., (2) Образованите луѓе живеат подолго и имаат подобро здравје., (3) Образованите луѓе заработуваат повеќе. (4) Преку образованието се стекнуваат пријатели. и (5) Образованието им помага на луѓето да си ги остварат своите соништа. По секоја реченица, учениците, поделени во групи, наоѓаат аргументи зошто реченицата е точна, а потоа аргументите ги споделуваат во отворена дискусија која води до . следните заклучоци: (1) во текот на образованието се дознаваат многу работи и се учи како да се користи паметот за да се решаваат проблеми, (2) образованието им помага на луѓето да научат како да се грижат за своето здравје, (3) за да се работат подобро платени работи треба да се има повисоко образование, (4) во училиште се спријателуваш со другари со кои се дружиш и

надвор од училиште, (5) тие што сонуваат да станат доктори (или други, претходно спомнати професии), или да имаат поубави куќи и среќни семејства, мора да се стекнат со соодветно образование.

- Наставникот ги запишува на табла (едно под друго) нивоата на образование: основно образование, средно образование, високо образование. Потоа започнува дискусија со сите ученици по следните прашања:
  - Во каков вид училиште учите вие? Како се вика образованието што се стекнува во ваков вид училиште?
  - Дали знаете некој што учи во средно училиште? Како се вика училиштето во кое учи? По што е различно од основното училиште? Како се вика образованието што се стекнува таму?
  - Дали знаете некој што студира на факултет или некој што завршил факултет? Како се вика тој факултет? Што ќе биде кога ќе заврши/што работи откако завршил? Како се вика образованието што се стекнува таму?

  По одговорите на прашањата за секое ниво, на таблата ги запишува одговорите за називот на установата во која се стекнува наведеното образование. Дискусијата продолжува со прашања кои бараат да се утврди возраста на учениците/ студентите на секое од нивоата (и конечните одговори ги запишува на табла):
  - На колку години се започнува и на колку се завршува основното образование?
  - На колку години се започнува и на колку се завршува средното образование?
  - На колку години се започнува со студирање на факултет?

  Дискусијата продолжува со прашања во врска со намената на секое ниво на образование:
  - Какви знаења се стекнуваат во основното образование? (Очекуван заклучок: основни знаења кои помагаат да се продолжи образованието)
  - Какви знаења се стекнуваат во средното образование? (Очекуван заклучок: или се стекнува одредена професија со која може да се работи или се стекнуваат знаења кои помагаат да се продолжи во високото образование)
  - Какви знаења се стекнуваат во високото образование? (Очекуван заклучок: се стекнува одредена професија со која може да се работи)
- Учениците се делат во групи. Во рамки на групата секој ученик кажува што би сакал да биде кога ќе порасне. Преку дискусија во групата учениците посочуваат со какво образование (средно или високо) треба да се стекне за да може да се занимава со таа професија. Потоа секоја група ги споделува посакуваните професии, а наставникот ги запишува на табла, по што сите заеднички заклучуваат кои професии се посакувани од повеќе деца. На крајот секоја група ги споделува своите препоставки за образованието преку кое се стекнуваат наведените професии, па низ отворена дискусија, со помош на наставникот се заклучува кои се точните одговори.
- Учениците, поделени во групи, извлекуваат една од картичките на кои се опишани по две ситуации – во едната ситуација е прикажан ученик кој се покажал неуспешен во нешто (на пр., добива лош резултат на тест, не знае да ги реши сите задачи за домашно, не успева да постигне ниту еден кош на физичко), но воопшто не е загрижен и продолжува да си прави нешто што нема врска со учење (на пр., цел ден игра игри на таблет, игра фудбал на игралиште, гледа цртани на телевизија), а во другата ситуација

е прикажан друг ученик кој се покажал неуспешен во истото, но си поставил конкретна цел да се поправи (пр., да постигне подобар резултат на следниот тест, да научи да ги реши сите задачи од домашната, да научи да постигне најмалку еден кош од три шутирања). Прво, секоја група запишува што мисли кој од двајцата ученици ќе постигне успех во иднина со тоа што ќе научи повеќе и нуди решенија како вториот ученик може да ја постигне целта што си ја поставил. Потоа сите групи ги презентираат „своите“ ситуации и одговорите до кои дошле. На крајот преку отворена дискусија се заклучува дка поставувањето цел во учењето помага да се постигне успех на тој начин што ќе се определи како да се стигне до целта и ќе се биде посветен на тоа, без оглед на тешкотиите на кои ќе се наиде.

- Секој ученик добива работен лист со најмалку 30 лесни задачи по математика (на пр. 2+3=_, 5-2=_). Во периодот од 2 минути додека работат на задачите им поставува најразлични прашања (на пр., Кој сака да оди на летување на море? Кој сака да вози мотор кога че порасне?, Зошти децата не сакаат да јадат спанаќ?) и очекува одговори. По измување на времето ги насочува да удрат линија под последната решена задача и ги прашува колку задачи услеале да решат. Потоа продолжуваат со решавање на задачите, но овој пат во тишина. По 2 минути ги прекинува, насочува да удрат линија под последната решена задача и ги прашува колку задачи сега успеале да решат. Потоа се води дискусија зошто првиот пат решиле помалку задачи од вториот и заеднички се заклучува дека прашањата што им ги поставувал првиот пат им го одвлекувале вниманието и не дозволувале да се фокусираат на задачите. На крајот учениците даваат примери што нив им го одвлекува вниманието кога учат дома (на пр., телефон, телевизор, разговор со домашните) и заеднички определуваат како да обезбедат да бидат фокусирани на учењето за да може побрзо да научат.
- Наставникот најавува дека ќе бара мислење од нив за тоа од кого може да бараат помош кога нешто не можат самите да го научат. Потоа ги чита/презентира (едно по друго) следните можности: (1) од наставникот/наставничката, (2) од помлад брат или помлада сестра, (2) од родител, (4) од соученик кој не може самиот да го научи тоа. По секоја презентирана можност, учениците дигаат рака со палецот нагоре (👍) доколку се согласуваат, односно со палецот надолу (👎)доколку не се согласуваат со тоа и потоа даваат образлижение зошто се согласуваат/не се согласуваат. На крај преку отворена дискусија се заклучува од кого може да се бара помош и како да се направи тоа.
- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со две групи празни кругови. Во едната група кругови треба да ги нацртаат (преку израз на лицето) и запишат чувтсвата што се јауваат кога ќе се доживее успех (пр. радост, гордост), а во втората група, чувствата што се јауваат кога ќе се доживее неуспех (пр. тага, разочараност). Потоа, секоја група ги презентира и ги опишува прикажаните чувста поврзани со успех, а кога ќе завршат сите групи, се презентираат и опишуваат и чувствата поврзани со неуспех. На крајот, наставникот ги запишува на табла (во посебни колони) сите чувства околу кои учениците ќе се согласат (во отворена дискусија).
- Наставникот презентира ситуација во која е опишан ученик кој доживува неуспех иако вложил труд да научи (пр: направил лош тест по математика иако претходниот ден цел саат вежбал задачи). Преку отворена дискусија се анализира што придонело за неуспехот и се нудат решенија како ученикот може да го искористи неуспехот за да постигне успех. Потоа учениците наведуваат

слични примери од нивното искуство кога прво доживеале неуспех, па како од тоа научиле да го претворат неуспехот во успех. На крајот, прекиу отворена дискусија заеднички се заклучува дека неуспехот не треба да не натера да се откажеме, туку да не мотивира да продолжиме да работиме додека не постигнеме успех.

- Учениците, поделени во групи, смислуваат и опишуваат ситуација во која еден ученик прави нешто што има негативни последици по другите ученици во одделението (на пр., го крши прозорецот и сите треба да го платат, го крие сунѓерот и немаат со што да ја бришат таблата, заборава да донесе книга од која требало да учат на часот и сл.). Потоа секоја група ја чита „својата“ ситуација, а учениците од другите групи откриваат која е постапката, а која негативната последица предизвикана од последицата и објаснуваат зошто сметаат дека последицата е негативна. По секоја прочитана ситуација наставникот прашува дали опишаната постапка е намерна или ненамерна грешка во однесувањето и од учениците бара објаснување зошто ја сметаат за намерна/ненамерна. По презентациите на сите ситуации и дискусиите во врска со нив се води отворена дискусија за да се заклучи дека луѓето прават грешки во однесувањето кои се некогаш намерни, а некогаш ненамерни.
- Наставникот бара учениците да наведуваат примери од искуство (лично или туѓо) на ненамерни грешки во однесувањето кон другите кои биле направени поради: (1) незнаење - без да знаат дека ќе имаат негативни последици и (2) невнимание - без да внимаваат на последиците. Во отворена дискусија се заклучува дека треба повеќе да се внимава за да не се прават грешки што ќе имаат негативни последици по другите.
- На едниот крај на училницата се поставува лист на кој пишува „Не се согласувам“, а на другиот крај лист на кој пишува „Се согласувам“. Наставникот ја пишува следната реченица на табла: „Секоја направена грешка во однесувањето со негативни последивци по другите треба да се признае“. Учениците се распоредуваат во двата краја од просторијата зависно од тоа дали се согласуваат или не се согласуваат со реченицата. Потоа, повеќе ученици од тие што се согласуваат и од тие што не се согласуваат го објаснуваат своето мислење. На крајот се води отворена дискусија за да се заклучи дека секој што не признава дека го направил тоа (негирање) или се прави дека не знае за последицата (игнорира) прави дополнителна грешка што може да се избегне доколку ја признае грешката и се извиниза стореното.
- Наставникот им презентира на учениците ситуација во која наставничка ги вклучува сите ученици од нејзиното одделение да решаваат проблем кој ги засега сите, или повеќето во одделениет (пр. многу често, голем дел од отпадоците завруваат околу корпата за отпадоци, наместо во неа). Потоа поведува дискусија по прашањето зошто наставничката сака сите ученици да учествуваат во решавањето на проблемот за да се заклучи дека се работи за проблем кој се однесува на целата група (пр. училницата е простор кој им припаѓа на сите ученици и нивниот простор треба да се одржува чист и уреден). Следно, учениците добиваат насока да си замислат дека опишаниот проблем се однесува на нивното одделение и дека заеднички треба да го решат. Поделени во групи добиваат работен лист со повеќе тврдења на кои треба да одговорат со Точно/Неточно, имајќи предвид како сакаат да се одвива решавањето на проблемот.
  - *Предлозите за можно решение треба да ги даде наставникот.* (Очекуван одговор: Неточно – треба да ги даваат учениците, а наставникот само да ги поттикнува)

- *Сите треба внимателно да го сослушаат секој предлог.* (Точно – игнорирањето или потсмевањето на некој предлог ги спречува сите ученици за учествуваат во давањето предлози)
- *Ниту еден предлог не треба да обвинува некого.* (Точно – Наместо кен решавање на проблемот, дискусијата ќе се насочи кон меѓусебни обвинувања)
- *Наставникот треба да ги запишува само паметните предлози на табла.* (Неточно – на табла се запишуваат сите предлоги, без оглед на тоа колку паметни изгледаат)
- *Треба да се избере оној предлог што води кон решение на проблемот.* (Точно – при изборот се игнорираат сите предлози што не водат кон решение)
- *Сите ученици треба да учествуваат во спроведување на решението.* (Точно – без учеството на сите, решението нема да бида трајно)
- *Сите ученици треба да се согласат со избраното решение.* (Точно – не може да се очекува некој што не се согласил со решението да учествува во негово спроведување)

Наставникот прашува како одговориле групите на тврдењата (едно по едно) и по секое тврдење групите даваат образложение за својот одговор, при што во заедничка дискусија се заклучува во правец на горенаведените очекувани одговори.
На крајот се води дискусија преку која се утврдуваат правилата на заедничко решавање проблем: (1) Сите учествуваат во барањето решание, (2) Сите предлози се запишуваат на табла и ниту еден предлог не се критикува и (3) Од понудените предлози се изведува решението со кое сите се согласуваат.

- Наставникот запишува на табла *„Каде сакате да одиме на излет?“* и го започнува процесот на бура на идеи за да се стигне до групна одлука. Во текот на процесот внимава да се испочитуваат сите правила кои важеа за групно решавање проблем. Процесот се одвива во неколку фази:
  (1) Сите ученици нудат идеи што наставникот ги запишува на табла,
  (2) Наставникот наведува критериуми за вреднување на идеите (пр., да може да се стигне пешки, да има рамен и широк терен на кој ќе се организираат заеднички игри, итн.),
  (3) Се читаат наведените идеи една по друга и се издвојуваат оние кои го задоволуваат критериумот (се препорачува да се потцртаат на таблата) и
  (4) Се избира една идеја или комбинација од идеи кои ги задоволуваат критериумите и заеднички, со индивидуално изјаснување (со кревање палец нагоре-👍за согласување, или надолу-👎 за несогласувањеè) се одлучува која идеја или комбинација од идеи ќе се прифати како конечна одлука. (Доколку одлуката не може да се донесе со консензус, се носи со гласање)

По завршување на процесот во дискусија со учениците се резимираат фазите на одлучување: (1) Сите ученици нудат идеи што се запишуваат на табла, (2) Се определуваат критериуми за вреднување на идетите, (3) се издвојуваат идеите што ги задоволуваат критериумите и (4) од издоените идеи, преку индивидуално изјаснување на учениците се формира групната одлука.

Потоа, наставникот запишува на табла: „Одлука со конасензус“ и „Одлука со мнозинство гласови“ и објаснува што значи едното, а што другото и го поставува прашањето „Зошто е подобро до одлуката да се дојде со консензус отколку со гласови на мнозинството ученици?“ за да се заклучи дека одлучувањето со консензус е подобро затоа што така донесената одлука сите ќе ја почитуваат.
На крајот учениците, поделени во групи добиваат работен лист со напишани правилата за донесување групна одлука: (1) Сите учествуваат во давање идеи, (2) Сите идеи се запишуваат на табла и ниту една не се критикува и (3) Од понудените идеи се изведува одлуката на групата. Под секое од наведените правила запишуваат дали било испочитувано додека тие одлучувале за одењето на излет и даваат пример преку кој се гледа тоа. За секое правило (едно по едно) секоја група ги презентира своите одговори.

Тема: ***СЕ ГРИЖАМ ЗА СЕБЕ И МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ***
Вкупно часови: **7**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. именува опасни предмети, појави, животни, растенија и ситуации со непознати лица и објаснува како да се заштити од нив,
2. опишува начини на грижа за домашните миленичиња и растенијата во околината и прави разлика меѓу соодветно и несоодветно постапување со бездомните животни.
3. ги наведува видовите превозни средства и правилата за безбедно однесување на патниците во превозните средства и

Ученикот/ученичката ќе развива:

4. чувства за љубов, грижа и одговорност кон животните и растенијата и
5. свест за неопходноста од безбедно однесување.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Како да ги препознавам опасностите во опкружувањето и да се заштитам од нив<br>(ризик, безбедност, заштита, опасни предмети, опасност од инсекти и други животни, опсност од растенија, опасност од непознати лица, хемикалии, струен удар, удар од гром, труење, грабнување, злоупотребување) | • Наведува потенцијално опасни предмети и појави во домот и во опкружувањето (струја, оган, хемикалии, лекови, оружје) и опишува ризични ситуации поврзани со нив.<br>• Објаснува (преку пример) на кој начин се избегнува ризикот од опасните предмети и појави.<br>• Наведува потенцијално опасни растенија (боцки, коприви, бобинки, печурки) и животни (инсекти, пајаци, змии) и опишува ризични ситуации поврзани со нив.<br>• Објаснува (преку пример) на кој начин се избегнува ризикот од опасните растенија и животни. |

| | |
|---|---|
| | • Наведува потенцијално опасни ситуации со непознати лица и опишува ризични ситуации поврзани со нив.<br>• Објаснува (преку пример) на кој начин се избегнуваат опасните ситуации со непознати лица. |
| • Како да се грижам за животните и растенијата (домашни миленичиња, бездомни животни, трева, цвеќиња, дрвја): | • Ја опишува и споредува грижата што им е потребна на различни видови домашни миленици (маче, куче, папагал, аквариумски риби).<br>• Дава примери за содветно и несоодветно однесување кон бездомните животни.<br>• Дава примери за содветно и несоодветно однесување кон растенијата во околината. |
| • Како да придонесам за мојата безбедност и безбедноста на другите во сообраќајот (копнен, воздушен и воден сообраќај, превозно средство, автомобил, авион, воз, автобус, чамец, брод, правила на однесување во превозно средство) | • Ги групира превозните средства според видот на сообраќајот (копнен, воздушен и воден).<br>• Ги наведува правилата за безбедно однесување на патниците во автомобил, во авион, во воз и во чамец.<br>• Ги предвидува последиците од непочитувањето на правилата на безбедно однесување на патниците во превозните средства. |

**Примери на активности:**

- Учениците, поделени во групи, добиваат 4 фотографии на кои се прикажани: оштетен штекер, отворено шише од солна киселина, кутија со лекови, пиштол. Учениците, во рамки на групата, дискутираат за секој предмет на фотографиите и за тоа дали и каква опасност може да предизвика. Потоа, запишуваат по една реченица за ризична ситуација со тие предмети (на пр. Марко го скршил штекерот кога ја шутнал топката и почнале да летаат искри од него; Малото братче на Емине ги нашло лековите од баба му и мислејќи дека се бонбони сакало да го изеде, итн.). По еден претставник од секоја група ги чита речениците. Потоа се води дискусија (секој учесник во диксуијата кажува сопствен пример) за потенцијално опасни предмети во домот и околината и какви последици може да предизвикаат. На крајот, се изведуваат препораки во врска со тоа како да се избегнат ризиците од опасни предмети и појави (пр. доколку штекерот е скршен, да не се вклучуваат електрични уреди во него; сами да не земаат лекови, итн).
- Наставникот запишува на табла: коприва, роза, печурка и пчела. Учениците кажуваат каква корист има човекот од нив (на пр. од коприви се прави пита и чорба, од печурките се готви јадење, букет од рози се подарува за определена прилика, медот од пчелите се јаде). Потоа, наставникот бара од учениците да размислат дали покрај користа може овие животни и растенија да претставуваат опасност за луѓето (да се журкаат од коприва, да се отрујат од печурка, да се боцнат од трн, да ги „касне“ пчела). Потоа, поделени во групи, учениците треба да напишат уште неколку примери на потенцијално опасни растенија и животни, што ги презентираат пред целата паралелка, со објаснување зошто се опасни. На крајот, се изведуваат препораки како да се избегнат ризиците од опасни растенија и животни (пр. коприви да се фаќаат со ракавици, сами да не берат печурки, да не ги вознемируваат пчелите, итн.).

- Учениците следат визуелна презентација на опасни ситуации со непознати лица (пр. влегување дома поради кражба со прелажување и врзување на детето, грабнување дете од улица, намамување на детето со подароци во возило поради злоупотреба. (Алтернатива: ситуациите може да им бидат опишани и дадени во пишана форма.) По секоја ситуација, учениците дискутираат во кои околности може да се случи прикажаното. Потоа, поделени во група, подготвуваат „правила“ на однесување: (1) кога се сами дома (на пр. ја заклучувам вратата, не отварам врата на непознати луѓе), (2) кога изглегуваат да играат (излегувам да играм доколку имам друштво, не се оддалечувам со непознати луѓе, не влегувам во возило на непознати луѓе, не разговарам со непознати возрасни), и (3) кога одат во училиште (секогаш одам по позната патека, не разговарам со непознати по патот,бегам доколку некој непознат ме задева, не примам ништо од непознати лица). Секоја група го презентира подготвеното и сите заеднички ги договараат конечните правила и ги запишуваат на постер.
- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да замислат дека домаат ги имаат следните домашни миленичиња: куче, маче, аквариумски риби и папагал. Секоја група треба да опише како треба да се грижи за секое од нив (пр. како треба да го хранат, како да одржуваат хигиена и на миленичето и во домот итн.). По презентацијата на групите, се дава простор учениците да кажат сопствени искуства со милениче, наведувајќи каде живее/живеело, дали самите се грижеле за него или само им помагале на родителите (во што се состоела помошта) и сл. На крајот, секоја група прави постер со текст и фотографии за едно од четирите миленичиња на тема *„Каква грижа му треба на моето милениче“*.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со повеќе описи на соодветно и несоодветно однесување кон бездомни животни (пр. Фрлање по бездомните кучиња со камења. Вртење улични мачки за опашка. Оставање храна за бездомните мачки. Оставање вода за бездомните кучиња.) и кон растенијата во околината (пр. Собирање цвеќиња во парковите. Внимавање да не се се игра со топка блиску до млади садници. Кинење листови од дрвјата на улица). За секој опис определуваат дали укажува на соодветно или на несоодветно однесување и дискутираат зошто го сметаат за такво. По завршување на работата наставникот прво прашува за бездомните животни: кои описи означуваат несоодветно однесување, бара објаснување од групите зошто ги сметаат за такви и остава простор учениците да невадат дополнителни примери на несоодветно однесување кон бездомните животни. Истата постапка се повторува и за соодветното однесување кон бездомните животни. Кога ќе заврши дискусијата за бездомните животни, фокусот се префрла на растенијата од околината и целата постапка се повторува, прво за несоодветното, па за соодветното однесување. На крајот заеднички се заклучува зошто некое кое однесување кон бездомните животни и кон растенијата во околината се смета за соодветно/несоодветно.
- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да направи упатство под наслов „Покажи љубов и грижа и за мене“, во кое ќе наведат со кус текст и цртежи како треба луѓето да се однесуваат и да им помагат на бездомните животни (да ги хранат на соодветно место, да ги известат згрижувачките центри за животни, да им остават вода во време на високи темеператури, да ги остатват вратите од зградите отвроени и да остават платна во време на ниски температури за да се стоплат животните, да помогнат доколку можат во згрижување на некое животно). Изготвеното упатство го ставаат на пано во холот на училиштето или го фотографираат и со помош на наставникот го прикачуват на веб страницата на училиштето.
- Учениците, поделени во групи, добиваат играчки, картонски изработки или слики од различни превозни средства (автомобили, автобуси, камиони, возови, бродови, чамци, едрилици, авиони, хеликоптери итн) со задача да ги групираат според тоа каде се

движат: на копно, во вода или во воздух. Потоа, секоја група добива 3 одделни листа, на секој е напишан по еден вид сообраќај: копнен, воздушен и воден. Наставникот покажува возило, а учениците го подигаат листот со називот на видот на сообраќајот и наставникот на табла, под колоната насловена по соодветниот вид, го запишуваат називот на возило.

- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да напишат по 3 правила за безбедно однесување на патниците во автомобил, во авион, во воз и во чамец (на пр. веднаш по влегување во автомобил се става појасот, додека се вози со автомобил не смее да се вади главата надвор од прозорецот, децата помали од 10 години не смеат да се возат на предното седиште, додека полетува или слетува авионот не смее да се станува од седиштето, доека се патува со воз не смее да се вади главата надвор од прозорецот, додека се вози во чамец не смее да се движи по чамецот). Откако секоја група ќе ги прочита правилата, наставникот отвора дискусија за последиците од непочитувањето на правилата за безбедносто однесување во сообраќајот, а по наведување на различни примери за последици од небезбедно однесување се заклучува дека секој учесник во секој вид сообраќај мора да почитува определени праваила за да се обезбеди безбедност на патниците, но и на другите учесници во сообраќајот. На крајот, учениците сите правила кои ги усвоиле ги запишуваат на хамер што го поставуваат на видно место во училницата.

Тема: ***ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА***

Вкупно часови: **13**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги наведува и опишува природните езера, најголемите планини, подолгите реки, националните паркови и другите природни убавини на нашата земја и ги именува најпознатите езера, планини и реки; природните убавини;
2. ги именува јазиците на кои се учи во основното образование и покажува познавање на некои фрази од различните јазици;
3. објаснува како децата може да придонесат за својата земја преку заштита на природата, стекнување образование, почитување на различностите и помагање на други кога е потребно и
4. наведува и објаснува како нашата држава е поврзано со светот преку сообраќај и интернет.

Ученикот/ученичката ќе:

5. практикува почитување на различности врз основа на јазик/етичка припадност и
6. развива чувство на припадност кон државата и негува патриотски чувства.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Убавините на мојата земја<br>(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка, | • Ги наведува трите најголеми природни езера во РСМ според големината и ги ги покажува на географската карта на РСМ.<br>• Ги наведува трите највисоки планини во РСМ според висината и ги покажува на географската карта на РСМ.<br>• Го опишува текот на реката Вардар преку изворот и градовите низ кои тече и го покажува на географската карта на РСМ. |

| | |
|---|---|
| Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад) | • Ги наведува националните паркови во РСМ, ги покажува на карта и објаснува зошто се прогласени за национални паркови.<br>• Наведува и опишува најмалку две туристички дестинации во РСМ од различна природа.<br>• Наведува најмалку две други природни убавини во РСМ и објаснува зошто се сметаат за природни убавини. |
| • Во мојата држава се учи на различни јазици (македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, босански јазик) | • Ги наведува јазиците на наставата во основното образование.<br>• Го наведува името на државата Република Северна Македонија на најмалку два од наставните јазици.<br>• Се поздравува и се претставува на друг наставен јазик, различен од јазикот на кој учи во училиште. |
| • Што можам да направам за мојата земја | • Ги наведува следните начини на кои и децата може да придонесат за земјата: да ја чувам природата, да стекнам образование, да ги почитувам различните од мене и да помагам кога е потребно<br>• Објаснува (преку примери) како децата треба да ја чуваат природата (да не ја загадуваат природата и да ги штедат ресурсите)<br>• Објаснува (преку примери) како стекнувањето образование придонесува за развој на земјата<br>• Објаснува (преку примери) како децата можат да ги почитуваат другите што се различни од нив (оние што зборуваат на различен јазик, што мислат поинаку од нив, или не можат да прават нешто што можат другите).<br>• Објаснува (преку примери) како децата можат да им помагнат на оние на кои им треба помош |
| • Мојата држава е поврзана со светот (аеодром, пристаниште, железничка станица, автобуска станица, граничен премин, пасош, интернет, телефон, таблет, комјутер) | • Наведува на кои сѐ начини може да се патува од нашата држава во другите држави во светот.<br>• Опишува како се поминува граница кога се патува со различни превозни средства.<br>• Објаснува како се поврзуваат луѓето од различни земји преку интернет. |
| • Во неколку последователни часа, учениците (поделени во групи) прават книги под наслов „Ја сакам мојата земја“. Секоја група, за секоја од следните теми прави истражување на интернет (може да користат и Google Earth), избираат фотографии за книгата и пишуваат сосема куси текстови според следните барања: | |

1. За Охридското, Преспанското и Дојрансото езеро пишуваат кус текст во кој ги споредува по големина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги обојуваат со фломастери.
2. За Кораб, Шар планина и Баба пишуваат кус текст во кој ги споредуваат по висина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги заокружуваат со фломастери.
3. За Вардар пишуваат текст за тоа каде извира и низ кои градови поминува, го ја прикажуваат реката преку фотографии и на картата на РСМ ја нагласуваат со фломастер и ги заокружуваат градовите низ кои тече.
4. За Маврово, Галичица, Пелистер и Шар планина пишуваат кус текст со кој објаснуваат зошто се националните паркови и по што се најпознати и ги илустрираат со фотографии.

- Наставникот презентира една фотографија со луѓе што се сончаат на плажа и се капат во вода и друга на луѓе што се скијаат и се санкаат на планина. Фотографиите ги користи за да ги поттикне учениците, поделеми во групи, да наведуваат примери на сопствени или туѓи искуства за тоа што вообичаено се прави на летување и на зимување и каде во РСМ се оди на летување, односно на зимување. Низ отворена дискусија се заклучува дека најчести дестинации за летување се Охрид, Струга, Дојран, Преспа, а најчести дестинации за зимување се Шапка, Маврово, Крушево и Пелистер. Овие дестинации наставникот ги запишува на табла, а учениците бараат фотографии за нив на интернет.
- Учениците во група истражуваат на интернет за други природни убавини (освен веќе научените езера, планини, реки) во РСМ (пр. Смоларски водопади, Матка, Галичник). Секоја група презентира пред другите кои други природни убавини ги открила и се прави нивна листа. Сите ученици заедно одлучуваат кои од природните убавини подетално ќе ги прикажат и секоја група добива да работи на една од нив. При тоа учениците од групата се стават во улога на туристички агент кој ќе им ја претстави „својата“ природна убавина на туристи за да ги привлече да ја посетата. За таа цел подготвува промотивен материјал што содржи илистрации и краток текст. На крајот се прави изложба од подготвените материјали.
- Наставникот користи аудио-визуелни презентации за називот на државата Република Северна Македонија за секој наставен јазик посебно –секоја презентација го содржи текстот на називот напишан со оригиналното писмо, проследен со изговарање. Прво ја прикажува секоја од петте презентации една по друга, кажува на кој јазик е прикажаниот назив, по што сите ученици истовремено го повторуваат називот на државата на презентираниот јазик. Потоа, секој ученик добива комплет од картончиња (А5 формат, по можност во различни бои)– на секое од нив (со големи димензии) е напишана по една од следните букви: М, А, Т, С и Б, што ги претставуваат првите букви од јазиците на наставата во основното образование. Наставникот ги прикажува повеќе пати називите на државата на различните јазици со различен редослед и по секој прикажан назив, секој ученик дига една од буквите преку кои го идентификуваат јазикот и сите што точно го идентификувале добиваат можност истовремено да го повторат називот на државата на соодветниот јазик.
- Наставникот користи аудио-визуелни презентации во кои деца на основношколска возраст – секое дете (по едно момче и едно девојче) се претставува на некој од наставните јазици на тој начин што кажува: *„Здраво. Јас сум [името, без презимето], од [местото на живеење]“*. Се препорачува за место на живеење при претставувањето да се избере местото во кое е лоцирано училиштето. Прво ја прикажува секоја од десетте презентациите една по друга, кажува на кој јазик е, по што сите ученици истовремено гласно го повторуваат претставувањето. Потоа учениците играат квиз. Откако ќе се поделат во групи, секоја група

добива комплет од картончињата подготвени за претходната активност. Наставникот им ги прикажува презентациите во измешан редослед (повеќекратно) и по секое прикажано претставување групите добиваат кратко време да го идентификуваат јазикот и интерно да го вежбаат претставувањето. По изминување на времето секоја група го дига картончето што го одредува јазикот и сите од групата се претставуваат на истиот начин. Секоја група за точната идентификација на јазикот добива по 3 поени и за точното претставување на соодветниот јазик добива по 5 поени. Победува групата што ќе собере најмногу поени.

- Учениците, поделени во четири групи добиваат работен лист со наслов „Како можам да придонесам за мојата земја“, во кој се наведени следните четири начини (и под секој од нив е оставен простор за пишување): (1) Чување на природата: заштита на природата и штедење на ресурсите, (2) Стекнување образование – стекнување професија преку образованието, (3) Почитување на различните – на оние што зборуваат на друг јазик, што имаат поинакво мислење или не можат да прават нешто што можат другите и (4) Помагање на оние на кои им треба помош. Задача на групите е под секој начин да наведат конкретни примери на однесување што покажуваат како децата може да придонесат во секој од нив. За секој од четирите начини (еден по еден) групите го читаат одговорот и, пред да се премине на следниот, заеднички ги резимираат наведените примери. На крајот, секоја група добива да изработи постер со илустрации и кус текст за еден од начините на однесување.
- Учениците поделени во групи добиваат една картичка со слика од некоја дестинација во соседните земји или во светот (пр. Лондон во Велика Британија, Њујорк во САД, Приштина во Косово, Банско во Бугарија, Крф во Грција, итн). Со помош на Google Maps определуваат колку е „нивната“дестинација разделечена од нашата држава и како може да се стигне до таму. На посебен работен лист заокруваат по еден од понудените одговори што се однесуваат на превозното средство што може и/или мора да се користи за да се стигне до таму (автомобил, автобус, воз, авион, брод), од каде се тргнува (дома, автобуска, станица, железничка, станица, аеродром, пристаниште). Секоја група го презентира сработеното и низ дискусја се заклучува дека превозното средство што ќе се користи зависи од местото каде се патува и од растојанието до тоа место. Наставникот поведува дискусија како изгледа пасошот (на корицата го има името на државата, содржи фотографија и податоци за сопственикот), зошто мора да се носи пасош кога се патува во странство и како и каде се користи (на граничен премин му се дава на одговорниот полицаец). Учениците што некогаш поминале граница ги кажуваат своите искуства на граничните премини. На крајот се заклучува дека пасошот е документ кој служи за идентификација на лицето што патува во странство и за забележување кога и каде лицето патувало.
- Се поведува дискусија со учениците како, без да патуваат, можат да ги запознаат истите дестинации од претходната активност. Откако ќе се заклучи дека тоа може да се направи со користење на интернет дискусијата продолжува околу уредите кои овозможуваат да се користи интернетот (телефон, таблет, компјутер). Учениците, поделени во групи, со користење на некој од уредите, виртуелно го посетуваат Дизниленд во Париз.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивностпреку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченостприменува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можнокористи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањњето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениици те да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, континуирано се следат активностите на учениците за и нивното учество за време на поучувањето и учењето и се прибираат информации за напредокот и постигањата на учениците. Усната повратна информација се дава континуирано во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- придонесот во групните активности,
- одговорите на квизови што се дел од поучувањето,
- придонесот во изведување на заклучоците,
- работните листови,

- евидентните листи, чеклистите и анегдотските белешки на наставникот,
- домашните задачи,
- практичните изведби поврзани со стандардите за оценување.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Врз основа на напредувањето констатирано преку техниките и методите во формативното оценување се изведува сумативната оценка која ги опишува постигањата на ученикот.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Општество* за III одделение.** | бр. 12-14413/6<br>28.11.2022 година<br><br>Министер,<br>Jeton Shaquiri<br><br>______________________________ |